**20182284171**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

☐

☐Врз основа на член член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ"бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 30 ноември 2018 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА**

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018 и 160/2018), во членот 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Осигуреното лице правото на ортопедско и друго помагало го остварува врз основа на потврда за потреба од ортопедско помагало, што ја издава лекар специјалист од соодветна специјалност, освен за помагалата утврдени во член 41 став 1 точка 4 и точка 5 и член 43 од овој Правилник за кои осигуреното лице правото го остварува врз основа на потврда издадена од избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветна специјалност. За помагалата од член 41 став 1 точка 4 и точка 5 специјалистичкиот извештај или отпусното писмо со препорака за помагалото е потребен само при првото остварување на правото и примерокот од истиот се задржува од страна на избраниот лекар.“

Во членот 4 ставот 2 се менува и гласи:

„За помагалата од член 43 став 1 точка 1, 2 и 7 на осигуреното лице му се пропишува потврда за потреба од ортопедско помагало за 90 дена, со означен датум на потврдата соодветно за секое тромесечие со најмногу до две потврди на 180 дена, а за помагалата од член 43 став 1 точка 5, став 2 и став 3 и член 55 на овој правилник, може да се пропишуваат потврди за потреба од ортопедско помагало за 180 дена со означен датум на потврдата соодветно за секој месец.“

Во членот 4 ставот 4 се менува и гласи:

„Предлогот од лекар специјалист за ортопедски помагала од член 43 став 1 точка 1, 2 и 7 и став 2 и став 3 на овој правилник, не може да биде постар од 12 месеци, а во случај да се менува видот на помагалото се потврдува со нов специјалистички извештај.“

Член 2

Во член 14 ставот 1 се менува и гласи:

„Висината на учеството на осигурените лица во цената на ортопедските и други помагала се утврдува на 10% од цената на ортопедските и други помагала, освен за медицински помагала за инконтиненција-влошки и пелени за кои висината на учество изнесува 15%, корсет платнен лумбален со фишбајни и корсет платнен лумбален со

метални шини за кои учеството изнесува 50% од вредноста и надколени и подколени ортози за кои висината на учеството изнесува 10,00 денари по ортоза.“

Член 3

Во член 41 став 1 по точката 4, се додава нова точка 5 која гласи:

5) Ортопедски градник со џебови за носење на вештачка дојка.

Член 4

Во член 42 став 1 се менува и гласи:

„Рокот на траењето на помошните помагала од член 41 став 1 точката 1 и точка 2 на овој Правилник изнесува најмалку 60 месеци, за помагалата од точка 3 изнесува 12 месеци, за помагалото од точка 4 и точка 5 на истиот член изнесува 12 месеци.“

Член 5

Во член 43 став 1 по точката 6, се додава нова точка 7 која гласи:

7) Силиконска облога за рани 12,5 x 12,5 - количина 30 силиконски облоги за 90 дена.

Член 6

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата за ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ, вид 1 за шифрите 8210, 8211, 8212, 8213 и 82144 во колоната „Партиципација “ бројот „10%“ се заменува со бројот „15%“.

Член 7

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ по помагалото од вид 1 во табелата кај шифрата на помагало „1314“ во колоната „начин на производство“, наместо зборот „индивидуално“ треба да стои зборот „сериско (составен дел на индивидуалното)“.

Член 8

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ по помагалото од вид 1, по шифра 1111- надколено имедијантно лежиште за протеза, се додава следната табела:

| вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 1112 | Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште | Член 16 | Ортопед физијатар | 7 | 12 | 24 | 48 | не | Лекарска комисија на фондот | | | индивидуално | Z 89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитета; |

Член 9

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ по помагалото од вид 1, по шифра 1314 Повеќеосовински пневматски коленски зглоб , се додава следната табела:

| вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 1315 | Хидраулично повеќеосовинско колено | Член 16 | Ортопед физијатар | 7 | 12 | 24 | 48 | не | Лекарска комисија на фондот | | | Сериско (составен дел на индивидуално) | Z 89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитета; |

Член 10

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот СТОПАЛА по помагалото од вид 1, по шифра 1404 Филц-дрво, стопало, се додава следната табела:

| вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 1405 | Карбонско динамичко стопало за високо активни корисници | Член 16 | Ортопед физијатар | 7 | 12 | 24 | 48 | не | Лекарска комисија на фондот | | | Сериско (составен дел на индивидуално) | Z 89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитета; |

Член 11

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА по помагалото од вид 1, по шифра 1505 Навлака за чунка, се додава следната табела:

| вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| 1 | 1506 | Надколена силиконска навлака за чунка | Член 16 | Ортопед физијатар | 7 | 12 | 24 | 48 | не | Лекарска комисија на фондот | | | Сериско (составен дел на индивидуално) | Z 89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитета; |
| 1 | 1507 | Суспензија за брзо навлекување на протеза (KISS SYSTEM) | Член 16 | Ортопед физијатар | 7 | 12 | 24 | 48 | не | Лекарска комнсија на фондот | | | Серисо (составен дел на индивидуално) | Z 89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитета; |

Член 12

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ВЕШТАЧКА ДОЈКА по помагалото од вид 1, шифра 7501- “Вештачка дојка (силиконска)“, се додава следната табела:

| ид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| | | **ВЕШТАЧКА ДОЈКА** | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 7502 | Ортопедски градник со џебови за носење на вештачка дојка | Член 41 | Избран лекар | 12 | 12 | 12 | 12 | 10% | | | 1.407,00 | сериски | Z90.1-Стекнат недостиг на дојка, Q83.0-Конгенитално отсуство на дојката со отсутна брадавица C 50 Малигна неоплазма на дојка |

Член 13

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на овој правилник, во делот ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ по помагалото од вид 1, шифра 8109- “Уринарен кондом”, се додава следната табела:

| ид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, | Индикации | Помагалото | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | Партиципација | Забелешка | Количина месечна | Единечна цена со сите давачки | Начин на производство | Медицински индикации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошен материјал** | по правилник | го препишува | до 7 год | над 7 години | над 18 до 65 год | над 65 год | | | | | | |
| | | **ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ** | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 8110 | Силиконска облога за рани 12,5 x 12,5 | Член 43 | Лекар специјалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветната дејност Лекарска комисија (еднаш во годината) | 3 | 3 | 3 | 3 | 10% | Лекарска комисија на фондот | 30 | 353,7 | сериски | Q 81 Булозна епидермолиза |

Член 14

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ по помагалото од вид 1, по шифра 1111 - надколено имедијантно лежиште за протеза, се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 1112 | Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште |

Член 15

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ по помагалото од вид 1, по шифра 1314 - Повеќеосовински пневматски коленски зглоб , се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 1315 | Хидраулично повеќеосовинско колено |

Член 16

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот СТОПАЛА по помагалото од вид 1, по шифра 1404 Филц-дрво, стопало, се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 1405 | Карбонско динамичко стопало за високо активни корисници |

Член 17

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА по помагалото од вид 1, по шифра 1505 Навлака за чунка, се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 1506 | Надколена силиконска навлака за чунка |
| 1 | 1507 | Суспензија за брзо навлекување на протеза (KISS SYSTEM) |

Член 18

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ВЕШТАЧКА ДОЈКА по помагалото од вид 1, по шифра 7501- Вештачка дојка (силиконска), се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 7502 | Ортопедски градник со џебови за носење на вештачка дојка |

Член 19

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ по помагалото од вид 1, шифра 8109- Уринарен кондом, се додава следната табела:

| Вид | Шифра | Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал |
|---|---|---|
| 1 | 8110 | Силиконска облога за рани 12,5 x 12,5 |

Член 20

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-17797/1
5 декември 2018 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Верица Проковиќ,** с.р.